**СВЕТСКАТА ЗДРАВСТВЕНА ОРГАНИЗАЦИЈА**
**ги повикува земјите да инвестираат во елиминација на хепатитот**

Женева, 26 јули 2019 година - Пред Светскиот ден на борба против хепатитот (28 јули), Светската здравствена организација (СЗО) ги повика земјите да ги искористат предностите на неодамнешните намалувања на трошоците за дијагностицирање и лекување на вирусниот хепатит и да ги зголемат инвестициите за елиминација на болеста.

Нова студија на СЗО, објавена во ***Lancet Global Health***, открива дека со вложување на 6 милијарди американски долари годишно за елиминација на хепатитот во 67 земји со низок и средно висок приход, би спречиле 4,5 милиони случаи на рана смртност до 2030 година, а повеќе од 26 милиони смртни случаи, подоцна.

Потребни се вкупно 58,7 милијарди УСД за да се елиминира вирусниот хепатит како закана за здравјето на луѓето во овие 67 земји до 2030 година. Ова значи намалување на нови инфекции со хепатит за 90% и намалување на смртните случаи за 65%.

"Денес 80% од луѓето кои живеат со хепатит не можат да ги добијат услугите што им се потребни за да се спречи, испитува или лекува болеста,- вели генералниот директор на СЗО, д-р Тедрос Аданом Гебреиес. - На Светскиот ден на борба против хепатитот, ние повикуваме на силно политичко лидерство, со вложување на соодветни инвестиции. Ги повикуваме сите земји да ги интегрираат услугите за хепатит во пакети со придобивки, како дел од нивниот пат кон универзална здравствена покриеност.„

**Светски ден на борба против хепатитот 2019 година**
Инвестирајте во елиминирање на хепатитот

**325 милиони луѓе живеат со вирусен хепатит Б и Ц**

**2.850.000 луѓе се новозаразени во 2017 година**

**На 80 % од луѓето кои живеат со хепатит им недостига превенција, тестирање и лекување**

**Потребна е инвестиција од 6 милијарди американски долари годишно за да се постигнат глобалните цели за елиминација до 2030 година**

Вирусниот хепатит Б и Ц напаѓа 325 милиони луѓе ширум светот, предизвикувајќи 1,4 милиони смртни случаи годишно. Хепатитот е вториот најголем убиец како заразна болест после туберкулозата, и 9 пати повеќе луѓе се заразени со хепатит отколку со ХИВ. Хепатитот може да се спречи, се лекува, и во случај на хепатит Ц, може да се излечи. Сепак, на повеќе од 80% од луѓето кои живеат со хепатит им недостигаат услуги за превенција, тестирање и лекување.

За време на кампањата на Светскиот ден на борба против хепатитот во 2019-та, СЗО ги повикува сите земји и партнери да ја промовираат темата ”Инвестирајте во елиминирање на хепатитот”. СЗО ќе објави нови проценки за дополнителни инвестиции потребни за да се постигнат глобално договорени цели за елиминација на хепатитот до 2030 година, во контекст на универзалната здравствена покриеност. Земја домаќин за Светскиот ден на борба против хепатитот во 2019 година е Пакистан. Глобалните настани ќе се одржат во Исламабад, Пакистан на 27-28 јули 2019 година.

---

**Август 2019**
**Извор**: http://www.who.int/
**Подготвил**: Фанче Василевска, мед. сестра со високо образование